**20260080086**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

□□□□□□□□□□□

Врз основа на член 119 став (1) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20, 253/23 и 187/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јануари 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНА ПАТНИЧКА УСЛУГА КАКО УСЛУГА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

1. Со оваа одлука се утврдува вршењето на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници, која согласно член 134 од Законот за железничкиот систем ја извршува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

2. Услугите што се даваат при железничкиот превоз на патници се:

- безбеден и сигурен превоз на патници од почетната до крајната дестинација;
- придржување и почитување на возниот ред кој е во сила;
- достапност на возови за лица со инвалидност и лица со намалена подвижност, како и давање на бесплатна помош;
- одржување на хигиена во возовите;
- информации во текот на патувањето на патникот доколку технички е возможно (доцнење, услуги во возот, наредна железничка станица, главни услуги за поврзување и безбедносни и сигурносни прашања);
- доколку железничката услуга не може да продолжи, се организира во најкраток можен рок алтернативна услуга за превоз на патниците;
- греење во возот за време на ниски надворешни температури во текот на годината,
- овозможување бесплатен превоз: на млади лица до 27 години, секоја прва и трета недела во месецот, во период на викенд денови (петок по 12 часот, до понеделник до 12 часот); на стари лица (жени 62 години и мажи 64 години) секој втор викенд во месецот (петок, сабота и недела); на студенти секој четврток и на сите ученици во средното образование еднаш во неделата во среда;
- поседување на расположливи капацитети во секој момент во зависност од потребата за превоз на патници во железничкиот сообраќај и
- овозможување на продажба на билети во билетарници/апарати за продажба на билети и во воз.

3. Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници, за период 2026-2030 година во име на Владата на Република Северна Македонија ќе склучи министерот за транспорт и генералниот директор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/23).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-396/8
13 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.